Република Македонија
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

ул.Даме Груев бр.1, 1000 СКОПЈЕ   факс: 02/ 32 15 380   тел: 02/ 32 15 377   E-mail: dksk@dksk.org.mk

Број 11-2540/4

15-09-2014 2014 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 15-09-2014

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 272/5 | | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20 ___ год.
Потпис,
______

**До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.„Македонија" бр.12/3
Скопје**

**Предмет:** Известување
**Врска:** Ваш број 09-272/3 од 31.07.2014 година

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на 14.08.2014 година од ваша страна беше доставен Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Државната комисија за спречување на корупцијата, број 09-272/3 од 32.07.2014 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата со внимание го разгледа Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и во целост ги прифаќа дадените забелешки и препораки.

Во насока на подобрување на констатираните состојби во нацрт извештајот и во прилог на наведените цели на ревизијата, Државната комисија за спречување на корупцијата ве известува дека, како во текот на вршењето на ревизијата, така и по завршување на истата, презема активности за спроведување на дадените препораки и тоа:

-Во однос на препораката број 1 ве известуваме дека по добиено писмено известување - согласност од Министерството за финансии број 02-14833/2 од 29.08.2014 година дека во Буџетот на Државната комисија за спречување на корупцијата за тековната фискална 2014 година се обезбедени финансиски средства за вработување на 2 државни службеници на работните места раководител на одделение и советник, Државната комисија за спречување на корупцијата ја започна постапката за вработување со доставување на барање за објавување јавен оглас број 04-3812/1 од 05.09.2014 година до Агенцијата за администрација, за вработување на 2 државни службеници - Раководител на одделение за финансиски прашања и Советник за буџетска контрола во Одделението за финансиски прашања. (прилог бр.1 и 2)

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел континуирано стручно оспособување и усовршување на вработените во Секретаријатот на Државната комисија, на 26.08.2104 година донесе Годишна програма за обука на државните службеници за 2015 година број 10-3611/2 и истата согласно со членот 24 од Законот за државните службеници со допис - барање мислење број 10-3611/3 од 26.08.2014 година ја достави до Министерството за информатичко општество и администрација, по што на ден 15.09.2014 година доби Мислење од МИОА дека Нацрт-програмата е во согласност со Насоките за подготовка на годишна програма за обука (прва верзија) бр.15/3-1752/1 од 13 јуни 2013 година и Националниот систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници во Република Македонија од 03 март 2011 година (прилог бр.3 и 4)

**Со почит,**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**д-р Ѓорги Сламков**

Прилози:
1. Известување од Министерство за финансии број 02-14833/2 од 29.08.2014 година
2..Барање за објавување јавен оглас број 04-3812/1 од 05.09.2014 година до Агенцијата за администрација,
3. Годишна програма за обука на државните службеници за 2015 година број 10-3611/2 од 26.08.2104 година
4. мислење од МИОА бр.15/3-1967/164 од 10.09.2014 година